МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

**Годишен наративен извештај за работа за 2020 година**

Активните членови на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО во текот на 2020 година ги насочија своите истражувања во неколку насоки:

- положбата на осудените лица за време на издржување на затворската казна и степенот на заштита и почитување на нивните права,
- положбата на малолетните лица како сторители на кривични дела и
- положбата на децата во ризик и децата во судир со законот и заштитата на нивните најдобри интереси.

❖ На 4 февруари 2020 беше потпишан меморандум за соработка меѓу четири здруженија за формирање на ***Правничка истражувачка мрежа (ПИМ).*** ПИМ претставува стручна, невладина, непартиска и непрофитна организација која е активна како во полето на правните истражувања така и во унапредување на правната теорија и практика. Со знаењето и иновативните капацитети кои ги поседува мрежата, се промовира и унапредува принципот на владеење на правото а дополнително, влијае на јавните политики преку подготовка на истражувања и анализи. Нашите истражувачки активности се насочени кон заштита на човековите права како темелна основа и вредност на македонското општество.

Користејќи ја сопствената шареноликост, во смисла на искуството и експертизата на членовите, организацијата постојано ги следи и активно учествува во реформите на правниот систем во Република Северна Македонија преку подготвување и одржување на семинари, работилници, тркалезни маси и советувања за актуелни прашања преку кои ја манефестира својата социјално-одговорна улога и суштествена положба во невладиниот сектор. ПИМ е формирана од четири здруженија кои се занимаваат со истражувања и проблематиката на правото и правдата, Македонско пенолошко друштво, Здружението за

кривично право и криминологија на Македонија, Здружението Мој Правен Советник Скопје и Советот за превентива против малолетничката деликвенција.

Како мрежа, ПИМ е добитник на акциски грант за проект под наслов “Превенција на детско престапништво”. Идејата за проектот произлезе од потребата за суштинска анализа на ситуацијата во Република Северна Македонија во однос на општинските совети за превенција на малолетничко престапништво нивното функционирање, ефикасност и ефективност. Иако се формирани во 18 општини, дел од нив се целосно нефункционални а останатите не работат со полн капацитет. На тоа се надоврзува и потребата да се добијат пореални податоци и слика за она што се случува во рамките на детското престапништво.

Изработката на програми за превенција на детското престапништво е формална обврска на надлежните органи но податоците од локално ниво, што ќе бидат предмет на анализа во овој проект, ќе овозможат таргетирање на најзастапените ризик фактори во конкретната локална самоуправа.

За потребата од ваква акција говорат и податоците добиени од достапните извори и тоа:

- Истражувањето на МПД за состојбата со установите за сместување на деца во ризик и деца во судир со законот *(достапна на: www.msp.org.mk)*
- Националната Стратегија за деинституционализација,
- Годишните извештаи на Државниот совет за превенција на детско престапништво,
- Годишните извештаи на Државниот завод за статистика на РСМ, итн.

Општата цел на овој проект е намалување на детското престапништво во државата. Специфичната цел е мапирање на локалните ризици во четири плански региони: Скопски, Југозападен, Полошки и Вардарски и подобрување на постоечката институционална клима. Оттаму, логиката на интервенцијата, поточно поврзаноста помеѓу општата и специфичната цел е следната: превенција на детското престапништво е можна доколку подобро е разбран коренот на феноменот и доколку институциите изградат и спроведат подобри политики. *За подобро да се разбере изворот на детското престапништво потребна е*

*научна анализа – да се дознае што се основните причинители односно ризици на детското престапништво земајќи ги предвид локалните фактори.* Откако подобро ќе се разбере изворниот проблем на детското престапништво може да се влијае врз креирање на соодветни политики но и ажурирање на посточеките кои очигледно, не ги даваат потребните резултати. На крајот, не е доволно само да се изградат политики засновани на научни сознанија (evidence-based policies) туку и институциите адекватно да функционираат, со цел правилно и соодветно спроведување на предложените политики.

Целните групи на оваа акција се поделини на директни и индиректни. *Директна целна група* ќе бидат лицата кои работат во Општинските совети за превенција на детско престапништво од причина што резултатите од акцијата ќе имаат практичен учинок во нивното работење. *Индиректни целни групи* се *децата* бидејќи со нашето истражување ќе се подобри превенцијата на детското престапништво; *останатите здруженија на граѓани* како и *државните институции* и *пошироката јавност* кои ќе можат да извлечат информации од нашата работа кои понатаму можат да послужат при креирање на иницијативи во нивното работење кои ќе бидат поврзани со оваа или слична тематика.

Проектот „Превенција на детско претстапништво" ќе се спроведува во периодот од јуни 2020 до ноември 2021, во рамки на кој се предвидени 5 пакети на активности. Очекуваните резултати кои ќе произлезат од спроведувањето на овој проект се:

- таргетирани ризици за детско престапништво во четирите плански региони, Скопски, Југозападен, Полошки и Вардарски,
- изработена публикација со сумарна анализа од спроведеното истражување и
- зголемена функционалност на Советите за превенција на детско престапништво.

Исто така, ва рамките на проектот ќе бидат изработени пилот-програма за превенција на детско престапништво за 2021-2022 и интерактивна мапа за прикажување на факторите за детско престапништво, достапни на веб.

*Македонско пенолошко друштво Скопје* (*www.msp.org.mk*), заедно со партнерите *Здружение за кривично право и криминологија на Македонија – Скопје*

(www.maclc.mk), Здружението *ЈУС ЕТ ЈУВЕНТУС Скопје* (http://mojpravensovetnik.mk/) и *Совет за превентива против малолетничка деликвенција* (www.sppmd.mk), се корисници на финансиска поддршка од програмата Цивика мобилитас (civicamobilitas.mk).

Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

❖ На 16 јуни 2020 Македонското пенолошко друштво потпиша ***Меморандум за соработка со Хелп*** во рамките на програмата ***„Поддршка на социо-економската стабилност во Западен Балкан 2019-2020“*** за спроведување на проектот Подобрување на програмите за третман во казнено-поправните установи и воспитно–поправните установи финансиран од Германската влада а имплементиран од Хелп. Програмата е од регионален карактер, а соработката меѓу потписниците се заснова на активности во рамките на програмската компонента насочени кон подобрување на програмите за третман во установите за осудени лица и деца во Република Северна Македонија.

Целта е да се поддржат институциите да ги спроведат мерките за заштита на COVID-19 преку испорака на комуникациски уреди, таблети и интернет врски како алтернативен канал за комуникација, овозможувајќи им семејни посети во моментите кога посетите се забранети како што се вонредните состојби и слични ситуации, како и преку испорака на заштитни маски за институциите во рамките на структурата на Управата за извршување на санкции.

Главните активности го вклучуваат следното:

- Набавка и дистрибуција на респираторни маски за FFP2 и

- Набавка и дистрибуција на таблети за обезбедување алтернативен комуникациски канал со членовите на семејството.

Помошта ќе биде обезбедена за корисниците на следниве институции:

1. Казнено поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес.
2. Казнено поправен дом Штип и
3. Затвор Охрид / Воспитно – поправен дом Тетово.

На 31 август 2020, амбасадорката на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, г-ѓа Анке Холштајн, заедно со г-ѓа Маша Бубањ од организацијата ,,Help – Hilfe zur Selbsthilfe'' предаде донација финансирана од страна на Сојузната Влада, за имплементирање на мерки за заштита од Ковид-19 на Директорот на Управата за извршување на санкции во Министерството за правда, г. Јовица Стојановиќ. Донацијата е предвидена за КПД Идризово, КПУ Затвор Охрид, ВПД Тетово и КПД Штип, а е дел од соработката меѓу организацијата ,,Help'' и Управата за извршување на санкции како и Македонското пенолошко друштво во рамките на регионалниот проект **Подобрување на програмите за третман во казнено-поправните установи и воспитно–поправните установи.** Донацијата се состои од 4.126 ФФП2 заштитни маски како и 30 комуникациски уреди и има вкупна вредност од 21.996 евра.

Веста за донацијата низ медиумите:

https://a1on.mk/macedonia/germanija-donira-maski-za-makedonskite-zatvorenici/

https://mia.mk/donaci-a-od-germani-a-za-upravata-za-izvrshuva-e-na-sankcii

https://maktel.mk/News.aspx?id=137209

https://plusinfo.mk/germanska-donaci-a-na-maski-za-upravata-za-izvrshuva-e-na-sank

https://kanal5.com.mk/donacija-za-upravata-za-izvrshuvanje-na-sankcii-za-spravuvanje-so-kovid-19/a436883

❖ На ден 10.12.2020 Народниот правобранител - Национален Превентивен Механизам (НП – НПМ) и Македонско Пенолошко Друштво сакајќи да воспостават добра основа за соработка, потпишаа ***Меморандум за соработка*** со цел да се создаде соработка помеѓу двете иститутиции, согласно членот 4 од Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечно или понижувачко постапување или казнување *(„Службен весник на РМ“ бр.165/2008)*. За остварување на целта на овој Меморандум, двете институции се согласни, Македонско Пенолошко Друштво во соработка со НП-НПМ да преземе дел од надлежностите на националниот превентивен механизам, односно да преземе надлежности и активности во делот на обезбедување експертиза при вршењето на превентивните посети и изготвувањето на посебните извештаи. Македонско Пенолошко Друштво ќе предложи листа на свои членови со експертиза и искуство во делот на мониторинг и посета на места каде лица се лишуваат од слобода во насока на превенција од тортура. Народниот правобранител врз основ на дадените предлози, ценејќи ја нивната експертиза и искуство по сопствен избор ќе склучи договор за експертски услуги со еден или повеќе од нив. Во договорот ќе бидат уредени правата и обврските како и материјалниот надоместок за вршење на експертските услуги.

Согласно договореното со Меморандумот, овластените претставници на Македонско Пенолошко Друштво кои ќе преземат некои од надлежностите на националниот превентивен механизам, согласно чл. 20 од Факултативниот протокол ќе имаат пристап до местата на лишување од слобода и нивните инсталации и објекти.

Овластените претставници на Македонско Пенолошко Друштво на Република Македонија кои ќе преземат некои од надлежностите на националниот превентивен механизам, согласно чл. 20 од Факултативниот протокол, ќе имаат можност за разговори без надзор со лицата лишени од слобода без сведоци и тоа или лично или со преведувач, ако тоа се смета за неопходно, како и со било кое друго лице за кое националните превентивни механизми имаат мислење дека може да даде релевантни информации. Овластените претставници на Македонско Пенолошко Друштво кои ќе преземат некои од надлежностите на националниот превентивен механизам, согласно чл. 20 од

Факултативниот протокол, ќе имаат пристап до медицинската документација и секоја друга релевантна информација која ќе им послужи при утврдувањето на состојбите.

На сите документи на националниот превентивен механизам во чие составување учествувал и претставникот на Македонско Пенолошко Друштво ќе биде назначен нивниот придонес во работата.

Во таа насока, прва остварена цел од меморандумот беше изработка на анализа на усогласеноста на националното законодавство со Правилата на Бангкок, што ќе биде објавена од НП НПМ до крајот на оваа година.

Членовите на Македонското пенолошко друштво ќе продолжат со своите активности во насока на развивање на програми на третман за полнолетните и малолетните лица при издржување на казна затвор, за постпенална помош за децата и малолетниците но и будно следење на состојбата со децата во ризик и децата во судир со законот во државата, вршејќи постојан надворешен мониторинг над надлежните министерства и јавните институции во спроведувањето на мерките на грижа и помош на осудените деца и осудените лица.

Извештајот го изработи,

Д-р Елена Мујоска ТРПЕВСКА



Претседател

**Македонско пенолошко друштво**